# СОВРЕМЕНОСТ

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Година 74 (67) Број 1, 2018

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Редакција:
Стефан Марковски, главен и одговорен уредник
Снежана Стојчевска, извршна уредничка
Елена Пренџова, уредничка

Управен одбор:
Мишо Китаноски (претседател)
Стефан Марковски
Горјан Петревски
Васил Дрвошанов
Никола Алтиев

Надзорен одбор:
Томе Велков (претседател)
Радован П. Цветковски
Маја Боцевска

Првиот број на списанието „Нов ден“ излезе во 1945 година.
Списанието „Современост“ е негов директен наследник чиј прв број се појави во април 1951 година.

Досегашни главни и одговорни уредници:

(1951) - Киро Хаџи Василев
(1951 - 1952) - Владо Малески
(1952 - 1953) - Славко Јаневски, Димитар Митрев и Ацо Шопов
(1954 - 1957) - Димитар Митрев
(1958) - Александар Ежов
(1958 - 1968) - Димитар Митрев
(1969 - 1982) - Георги Сталев
(1983 - 2002) - Александар Алексиев
(2003 - 2012) - Васил Тоциновски
(2013 - 2017) - Славчо Ковилоски

sovremenost.mk@gmail.com

## СОДРЖИНА

**ОРФЕЈ МЕЃУ МЕТАФОРИТЕ**
Блаже ПЕТРЕВСКИ, СВЕЧЕНОСТ ..........5
Тања КАРМЗОВА-КОСТИГЛИОЛА, ДЕЦА НА ВРЕМЕТО И ПРОСТОРОТ ..........7
Александар ВОЈНЕСКИ, 29 И ЕДЕН ..........10
Вања ТАНЕВСКИ, ДА СЕ ОДЛЕТА ВО НОЌТА ..........15
Ирена ЈУРЧЕВА, ТЕ ПОЗНАВАМ ПО ИМЕ ..........16
Васил ДРВОШАНОВ, ГЛАСЈЕ 3 ..........19
Катерина ГОГОВА, СЕЌАВАЊА ЗА ВИТЛЕЕМ ..........21
Сашо ОГНЕНОВСКИ, ЛОНДОН ..........24
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА, ФУНКЦИИ НА ЈАЗИКОТ ..........26
Јовица ИВАНОВСКИ, ПО ДОЛГ РАБОТЕН ДЕН ..........33
Љубе МИТРЕЈЧЕВСКИ, НЕСКРИЕН КОПНЕЖ ..........35

**П-РОЗА НА ПО-ЛИЦА**
Драган ГЕОРГИЕВСКИ, КУЧЕ ОД МОЕТО МААЛО ..........39
Марина МИЈАКОВСКА, ПАЈКО МААЛО ВО БЕШАМЕЛ СОС ..........42
Сања КОТЕВСКА, АТРОПА БЕЛАДОНА ..........47

**ОТВОРЕНИ СТРАНИЦИ**
Славчо КОВИЛОСКИ, ЖЕНИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ВО XIX И ПРВИТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК .......... 53
Васил ТОЦИНОВСКИ, МИЛИСАВ АНТОНИЈЕВИЌ – ДРИМКОЛСКИ – ЕДНА ЗАБОРАВЕНА МАКЕДОНСКО-СРПСКА ПРИКАЗНА ..........63
Васко МАГЛЕШОВ, МЕТАМОРФОЗИ ИЛИ НАРАТИВНА ПОЛИТИКА НА ПРЕОБРАЗБАТА ВО ДЕЛАТА „ЗЛАТНОТО МАГАРЕ“ НА ЛУКИЈ АПУЛЕЈ И „ПРЕОБРАЗБИ“ ОД ПУБЛИЈ ОВИДИЈ НАСОН ..........73
Стефан КОСТОСКИ, КОМИЧНОТО ВО „ГАРГАНТУА И ПАНТАГРУЕЛ“ НА ФРАНСОА РАБЛЕ ..........82

**ПРИСУТНОСТИ**
Срѓан ТЕШИН, СМРТТА НА ПРОДАВАЧОТ НА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ ..........86
Наида МУЈКИЌ, ШАФРАН ..........89
Стефан МИТИЌ – ТИЧМИ, НЕКОИ ПЕСНИ МИ ЛИЧАТ НА ОТПУСНА ЛИСТА ОД ПСИХИЈАТРИЈА ..........93
Мирослав АЛЕКСИЌ, ЗА ДУШАТА..........95

**РАСКОПКИ**
Игор РАДЕВ, КЛАСИЧНАТА КИНЕСКА ПОЕЗИЈА ПО СЕБЕ И ВО ПРЕПЕВ ..........100

**ВРЕДНУВАЊА**
Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, СТИХОВИ ОД КАМЕРНАТА СЦЕНА НА ЖИВОТОТ ..........111
Васил ТОЦИНОВСКИ, НАЈДОЛГИОТ ПАТ ДО ИТАКА ..........114
Сашо ОГНЕНОВСКИ, ВРТЕЖОТ НА НОВОТО ВРЕМЕ ..........117
Стефан Марковски - ОКОЛУ ПОТРЕБАТА И МОЖНОСТИТЕ ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ „КООРДИНАТЕН ПОЕТИЧКИ СИСТЕМ“ ..........120
Радован П. ЦВЕТКОВСКИ, СТИХОВИ ЗА ЖИВОТОТ И ЗА СОПАТНИКОТ ВО ЖИВОТОТ ..........123
Стефан МАРКОВСКИ, ОНИРИЧКАТА (АВТО)РЕФЛЕКСИЈА ВО РОМАНОТ „СОНУВАЊЕ“ ОД СЛАВЧО КОВИЛОСКИ ..........129
Марина МИЈАКОВСКА, ГРАД ОД ШАРЕНОЛИК КНИЖЕВЕН КОСМОС ..........131
Никола АЛТИЕВ, ВРЕДНОСНИ СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ РАСКАЗИ ..........134
Васил ДРВОШАНОВ, ТРУДОВИ ОД ХЕТЕРОГЕН КАРАКТЕР ..........138

**ВРЕДНУВАЊА**

*Ана ВИТАНОВА*

821.163.3-1(049.3)

# СТИХОВИ ОД КАМЕРНАТА СЦЕНА НА ЖИВОТОТ

(Краток осврт кон стихозбирката **„Трнот е во надежта“** на Тања Кармзова Костиглиола)

Кога на прочит ги добив стиховите на Тања Кармзова Костиглиола, уште со првиот фрлен поглед видов слика на жена, која седната во својата сопствена соба, се обидува да ги вразуми своите емоции, да ги компресира во стихови и храбро да му ги покаже на светот. Неминовно оваа слика ме врати назад во времето до името Вирџинија Вулф. Таа е жената која всушност на светот му ја фрли в очи вистината, дека жената има насушна потреба од своја сопствена соба, свој свет во кој ќе ја раскрили својата творечка сила. Таа соба ќе стане нејзина интимна одаја, во неа жената ќе биде сама со својата творечка енергија, која е доволно силна да ја извлече од дното на анонимноста и безименоста, опасно храбра да ја убие рамнодушноста на светот кон неа, да ја разбуди заспаната свест и да ја отклучи заробената слобода на мислите со клучот за кој самата се избори да го пронајде. Уживајќи ја таа слобода, Тања Кармзова Костиглиола денес ни ја претставува својата трета збирка поезија **„Трнот е во надежта“.**

Стихови од камерната сцена на животот, така во мојата свест се дефинираат изблиците на емоција до кои авторката нам како читатели, ни дозволи екскузивен пристап. Оваа поезија невозможно е да ја читате пред голем аудиториум, таа тогаш би се изгубила некаде во етерот, би се раздала по пат, би ја разграбиле оние од првите редови. Оваа поезија бара камерна сцена, интимен простор низ кој би циркулирала и повторно како ехо би се вратила да ја вознемирува рамнодушноста на читателите. Така е бидејќи и таа самата ѝ припаѓа на таа сцена, на сцената на животот на која се сакаме и мразиме, на која водиме љубов, на која сме верни и неверни, љубени и љубовници, жени, дами и госпоѓи. Нагласувањето на женскиот принцип (не е од феминистички побуди на критичарот), е секако во функција на потребата да се издели оваа поезија како парче од целината која се нарекува женско поетско писмо.

Авторката кокетира со некаква ароганција на поетеса која го завела зборот и сега господари со неговата форма и содржина, како жена која загосподарила и го околчила светот на мажот, па неговото движење е строго ограничено, до таму до каде што таа длабоко ги забила колците. Не е ова воопшто феминистичка фраза, впечаток е на толкувачот, кој се обидува да даде свое видување за стиховите на Тања.

*Незгодна сум на незгодни места.*
*Знам да направам да зарумениш*
*и кога ревносно се обидуваш*
*да докажеш дека срамежливоста*
*ти е празно множество во свет на симболи.*

***(„Пукни со стил“)***

Поетскиот курикулум на Тања го разголува емотивниот свет на жената,

која научила како да создаде имунитет кон антагонистите од машкиот свет. Како читатели пред вас се издигнува лик на жена, храбра, арогантна, на моменти дрска, недопирлива со низок емотивен статус, таква каква што мажите во принцип посакуваат за своите телесни задоволства. Но, скриените детали на стихот раскажуваат сосема поинаква приказна, за жената која слепо верувајќи во словото на љубовта, пробала од пехарот премачкан со пелин

*Не гај, љубов, ни надеж за реинкарнација,*
*иако не ни е ускратено правото.*
*Ќе се родиме повторно,*
*но по девет животи,*
*онолку долги ко што ни се чинеа нашите,*
*јас, во форма на був,*
*ти во тело на паун.*
*Слепи, секој во свое време.*

***(„Слепи, секој во свое време“)***

Фрапира искреноста кога тема на денот се страста и играта на љубовниците. Во овие стихови лирското јас многу помирливо ја прифаќа реалноста во која *освен под чаршафот, никаде не сме заедно стокмени.* Емотивна разд-разливост предизвикуваат стиховите на Тања, го брануваат емотивниот свет на читателот до степен на зачуденост од храброста, нештата да се кажат толку отворено. Театралност препознавам во нејзините стихови, таа кокетира со публиката, знае кога и како да внесе поетска слика со која ќе го возбуди читателот, кој во занес ќе почне да ракоплеска. Во нејзината поезија нема непотребни детали, секој си има своја функција и место. Детаљот е оној суштиснки елемент, кој, ако го пренебрегнете при читањето, ќе се изгубите во текстот. Авторката, нижејќи ги деталите, создава поетски сцени, кои се нижат пред погледите на публиката, секоја песна е налик на сцена од театарска претстава која се одигрува пред очите на читателот, со разголени тела и души, без трошка нелагодност и срам.

Во песната *„**In vino veritas**“* која како парче од љубовна игра извадено некаде од средината, започнувајќи in medias res, уште во почетните стихови го поттикнува читателот со љубопитство да седи до крајот на претставата. Како на филмско платно, стиховите стануваат епизоди, така создавајќи поезија која не завршува со точката на последниот стих. Само како пример би цитарала сегмент од песната ***„Средба меѓу самодовербата и цинизмот“:***

*Веранда, мермерен шанк и ирско кафе,*
*човек кој ми се приближува*
*со наполеонска самодоверба,*
*картичка од хотел и букет кали,*
*поминува прсти низ мојот врат*
*и ми шепнува :*
*" Наспроти, трети спрат,*
*последниот апартман лево“.*

***(„Средба меѓу самодовербата и цинизмот“)***

Многу смела и отворена до последното прозорче на нејзината интима, таква е во поезијата нашата Тања. Таа со своите стихови ги руши сите бариери и предрасуди, им згазнува на врат на стереотипите, кои во едно не така дамнешно време, проповедаа инфериорност на жената во однос на мажот: „Најдобрата жена е интелектуално инфериорна во споредба со најслабиот маж“. (Наполеон) Празна флоскула е категоризацијата на машка и женска поезија, поезијата не познава пол или сексуална ориентација, таа едноставно е чувство. А чувството е единствената единица мерка за човечноста, а поетесата потсетува дека *козметика за човечност нема.* Поезијата на Тања не е неискрено ласкава, куртоазна, додоворувачка или допадлива за сите. Тоа е поезија која на читателот му

приредува неочекувани изненадувања, не знаете што се крие зад аголот, сè до моментот кога пред вас се појавува неочекуваното. Таа поезија си одбира своја читателска публика што ќе ја разбере и доживее.

Меланхолија, соништа, реалности, многу загатнати прашања, но и сурово искрени одговори, сè се тоа жаришта во нејзината поезија. Многу поетски играрии се случуваат на белината од оваа збирка, авторката си поигрува со лексиката, математиката, внесува архаизми кои сраснале со нејзината душа од времето кога како дете ги впивала убавините на нашиот прекрасен македонски јазик. Тања го спојува навидум неспоивото со емоцијата која е најсилното врзивно ткиво при создавањето на поетскиот текст. Лирското јас согорува сонувајќи за една надеж, недофатна, бодликава, болна, а толку посакувана. Љубовта е најсилната илуминација, светлина која ја осветлува човековата душа, а страста е чкорчето кое го пали барутот за огнометот да ги создаде најубавите креации на темната ноќна небеса. Дестилирана страст која како есенција на своето постоење ја дава љубовта, онаа чиста, искрена, безвременска, онаа љубов која *боли до непребол, непрежал, непрестан:*

*Не заминавме од љубовта,*
*се разминавме со надежта*
*за нејзино остварување.*

***(„Разменување“)***

Авторката е гласноговорник за правда, слобода, етер проветрен од злоба, *омраза која со крв се налева , насадена насекаде по ова погодно тло.* Таа сонува за победа на човечноста над нечовечноста, оти грстот земја од една човечка дланка, ни е заеднички крај за сите. Тоа е таа вистина пред која замижуваме и се преправаме дека не постои. Тажна е сликата на беспомошниот Македонец кој стуткан под масата на која седат преговорарачите и заговорниците, уморен, апатичен, со очи вперени на запад, постојано нешто чека:

*Под масата стуткан беше човек.*
*Недостасуваше стол.*
*Чекаше примирје,*
*за да најде мир.*
*Го отру реата на носени чорапи.*
*Прокопса во мрак, теснина и смрдеа,*
*под стапалата на преговорите и заговорите.*

***(„Примирје“)***

Со чувство на физичка немоќ заради далечината, лирското јас огорчено му се обраќа на својот народ *да ви покажам кај ви е грклaнот/ за да знаете оти поседувате глас,* но и на оние кои имаат привилегија да го водат истиот тој народ :

*Не е љубовта војна,*
*силување на умот и телото,*
*грабеж на интелектот и идентитетот,*
*лелек што на партали сече небеси,*
*морија што гази паднати ангели.*
*Ако знаевте што е љубов,*
*ќе споделевте среќа и надежи,*
*ќе опевавте младешки копнежи,*
*ќе гледавте усни со црвила,*
*а не души во црнина.*
*Не поганете јазик говорејќи за историја,*
*седнете, пишувајте ја сегашноста,*
*да не ни отиде зијан иднината.*

***(„Ни оди ли зијан иднината?“)***

Тоа се лузните кои авторката ги понела со себе, тетоважи на душата кои за навек остануваат, не може да ги избрише ниту далечината, ниту заборавот, едноставно, ќе останат впишани и во коските кога еден ден мирно ќе почиваат.

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Управен одбор:
Мишо Китаноски (претседател)
Стефан Марковски
Горјан Петревски
Васил Дрвошанов
Никола Алтиев

Надзорен одбор:
Томе Велков (претседател)
Радован П. Цветковски
Маја Боцевска

Компјутерска подготовка, лектура и печат
Академски печат, Скопје

Тираж: 200 примероци

Материјалите до еден печатарски табак, односно 12 страни се доставуваат по е-маил или ЦД, заедно со печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman или фонт Pulstajms7 за кирилично писмо и Times New Roman за латинично писмо. Другите користени фонтови да се испратат по е-маил или да се snimat na CD. Ракописите не се рецензираат, не се хонорираат и не се враќаат.

Адреса: Списание „Современост“, Скопје,
ул. Франклин Рузвелт 8, пош. фах 221.
Чек с/ка 300000001185473,
Даночен број 4030988132811